# Стратегија за локален економски развој на општина Шуто Оризари

# 2023 - 2026

Август 2022

# Содржина

Вовед3

Методологија и процес на подготовка4

Принципи и фази во стратешкото планирање4

Методологија4

Деловно опкружување6

Профил на општината9

Лична карта на општина Шуто Оризари9

Население11

SWOT Анализа15

Регионална и локална економија17

Економија и инвестиции19

Инфраструктура и енергетика23

Пазар на труд23

Образование29

Социјална заштита32

Земјоделие и рурален развој33

Пречки и можности за развој35

Приоритети и цели37

# Вовед

Општина Шуто Оризари е една од општините на Град Скопје и како таква е интегриран дел од градот. И покрај тоа што Шуто Оризари  е една од помалку развиените градски општини, таа претставува урбана општина со потенцијал за развој.

Со цел општината да обезбеди долгорочен одржлив развој, таа применува стратешко планирање со кое го трасира патот кон остварување на својата визија, да биде економски, образовен и културен центар на државата и општина на одговорни, активни и ангажирани граѓани.

Процесот на стратешко планирање помага да се предвиди развојот и се фокусира на целите кои треба да се остварат, одредува приоритети, програми, мерки и активности. Стратешкото планирање се прави со цел да се обезбеди континуиран развој преку рационално управување со ресурсите со кои располага општината. Притоа, се поаѓа од расположливите природни, човечки и материјални ресурси, анализа на потребите, можностите за развој и изнаоѓање на најповолни решенија со максимално искористување на постојните и креирање на идни ресурси.

За да може да се обезбеди континуитет во развојот, неопходно е да се креираат и применуваат механизми на следење и контрола на имплементацијата на стратешкиот план и да се анализираат проблемите и пречките кои влијаат врз реализацијата на мерките и активностите. Евалуацијата на причините за настанување на утврдените проблеми и пречки во реализација на стратешкиот план доведува до изнаоѓање на решенија со кои истите ќе бидат надминати.

Заради тоа општината пристапи кон подготовка на Стратегија за локален економски развој на општина Шуто Оризариза 2022 - 2025 година, со акциски план кој содржи и проектни решенија и ќе придонесе кон економскиот развој на општината во наредниот период.

Стратегијата е подготвена заедно со претставници на сите засегнати страни, претставници на општинската администрација, институциите, науката, граѓанските организации и бизнис секторот.

Целта на стратешкото планирање е активно учество на сите засегнати страни во делот на планирањето и насочувањето на напорите на општината во насока на решавање на приоритетните проблеми во рамки на општина Шуто Оризари, одредување на стратешки цели за развој на индустријата, туризмот и услужниот сектор, со цел обезбедување на стабилност и благосостојба на граѓаните во општината.

Вклучувањето на сите засегнати страни обезбедува сопственост на процесот, но и одговорност во реализацијата на зацртаните цели. Притоа, носител на сите активности во процесот на планирање, имплементација, следење и евалуација на постигнатите резултати е општинската администрација, која има улога и на координатор на сите инволвирани страни во процесот.

Заради тоа, од особена важност е јасно определување на активностите на вработените во општината, а посебно во единицата за локален економски развој како и соодветно

планирање на буџетските средства согласно приоритетните цели поставени со стратегијата.

# Методологија и процес на подготовка

## Принципи и фази во стратешкото планирање

При процесот на изработката на стратегијата општината посебно се залагаше за приемна на следните принципи:

1. Транспарентност на процесот на планирање,
2. Партиципативниот и инклузивност, со што се обезбеди вистинско дефинирање на потребите на локалниот економски сектор и граѓаните,
3. Одржливост на економскиот развој
4. Активно учество на општинската администрација
5. Координираност со можностите на буџетот и капацитетот на секторите на општината,
6. Флексибилност поради непредвидливите настани кои можат да се случат во блиска иднина

Фазите по кои се одвиваше процесот на стратешко планирање:

1. Организација на процесот за изработка на стратегијата. Подготовка за процесот на планирање, разгледување на претходна стратегија, вршење на прелиминарни истражу8вања за потребите на маргинализираните групи

2. Дефинирање на проблемите и потребите на локалната економија. Проценка на приоритетните потреби на бизнис секторот во општината преку комуникација со коморите, претставниците на бизнис секторот, академијата, невладиниот сектор и други заинтересирани страни.

3. Дефинирање на целите и програмата за развој на локалната економија

4. Изработка на акционен план за спроведување на програмата

## Методологија

Економскиот развој на една општина е клучниот фактор за благосостојбата и добриот животен стандард на граѓаните во општината. Општината има голем интерес од развојот на економијата на нејзината територија и обезбедување високи приходи на компаниите, висок степен на квалитетно вработување, мал број на социјални случаеви, инклузија на маргинализираните групи. Исто така, од особена важност е општинската администрација да биде стручна, високо професионална, и способна да управува со сите процеси и да обезбеди квалитетни услуги на граѓаните и бизнисот

Доколку се исполнети претходните предуслови, општината може да собере даноци со кои може значително да влијае на квалитетот на инфраструктурата и тоа како за бизнис

потреби така и за граѓанскиот сектор и да обезбеди висок стандард на живеење во општината.

Од наведените причини изработката на стратегијата е процес кој е прилагоден според големината, местоположбата, економската структура, демографијата и другите на фактори во рамки на општината.

Оваа стратегија за локален економски развој е изработена со активно учество на општинската администрација, државните институции, академијата, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор.

При дефинирањето на целите земени се во предвид:

- Евалуација на претходната стратегија
- Целите за економски развој на национално ниво
- Целите за економски развој на регионално ниво
- Целите за економски развој на општинско ниво

При процесот на изработката на стратегијата беа организирани повеќе средби и организирани работилници со засегнатите страни, користени се квантитативни и квалитативни податоци добиени од примарно истражување и секундарни податоци добиени од статистичките податоци на ДЗС, локалните претставништва на државни институции, центарот за вработување, центарот за социјални работи, училиштата, центри за образование на возрасни, податоци од општината и други извори.

Основни насоки за изработката на стратегијата се: зголемен економски развој, подобрен квалитет на животот на луѓето во општината, намалување на загадувањето, создавање на чиста енергија, квалитетни урбанистички решенија, креирање на квалитетни човечки ресурси како основа за развој на конкурентна економија во општината, поттикнување на зелена економија, социјални претпријатија и општествена одговорност на претпријатијата.

Како важен фактор за економскиот развој посочено е значењето и влијанието на урбанистичкото планирање, кое се провлекува низ сите елементи од стратегијата. Просторот е дефиниран со просторните планови и нивото на урбанизацијата заедно со брзината и ефикасноста на општинските служби да ги поддржат инвестициите се клучен фактор кој влијае врз атрактивноста на општината за привлекување на инвеститори.

Анализата на демографијата и капацитетот на работната сила/човечкиот капитал се важен елемент од оваа стратегија, бидејќи тие се воедно и поттикнувачки и ограничувачки фактори за развојот на економијата во општината.

Инфраструктурата, посебно онаа која влијае врз развојот на бизнисот, посебно е анализирана како фактор важен за развој и привлекување на инвеститорите.

Притоа, се зема во предвид и барањето на општината за запазување на сите елементи и цели од претходната стратегија.

## Деловно опкружување

Периодот во кој се изработува оваа стратегија се карактеризира со исклучително големи премрежија кои негативно влијаат на економијата, општествениот живот и стандардот на живеење на луѓето. Настаните се исклучително непредвидливи како по видот на настаните кои можат да се случат така и по нивното времетраење.

Ковид епидемијата остави големи последици на економијата, се случија големи структурни промени кои ќе ја диктираат економијата во наредниот период. Во такви промени можат да се вбројат кризата во синџирите на снабдувањето на индустријата со репроматеријали, проблеми во дистрибуцијата, отежнато комуницирање, а голем број на фирми не успеа да ја преживеат Ковид кризата. Во вој период се покажа поврзаноста и меѓусебната зависност на економиите се едни со други на глобално ниво. Прекинувањето на соработката има за последица недостаток на инпути за индустријата, земјоделието, енергенси и стоки за широка потрошувачка и јасно се покажува дека немањето сопствено производство на енергија и храна земјите ги прави силно зависни едни од други, како економски така и политички.

Веднаш по пандемијата започна војна во Европа, која добива на интензитет и за која не може да се предвиди исходот и времетраењето. Војната предизвика најголема криза во Европа по втората светска војна и резултира со енергетска криза и криза во снабдувањето со храна. Овие два сектори како носечки влијаат на сите други сектори и предизвикуваат прелевање на инфлацијата и предизвикуваат зголемување на цените на сите производи, зголемена инфлација, криза на берзите и намалена инвестициска динамика.

Постои голема непознаница за иднината, дали влегуваме во рецесија и дали постојат можности за избегнување; или треба да размислуваме како да се подготвиме доколку рецесијата е неизбежна.

Како одговор на кризата земјите масовно воведуваат мерки за заштитата на економијата, стабилноста во набавките и дистрибуцијата, помош за надминување на проблеми со ликвидноста и мерки за заштита на стандардот на луѓето.

За намалување на инфлацијата централните банки ги зголемуваат основните стапки со цел на повлекување на вишокот на парите од слободните текови и зголемување на каматите кај банките. Преголемото затегнување на монетарната политика и зголемување на каматните стапки може само по себе да придонесе за создавање на рецесија во државата, па централните банки многу внимаваат при затегнувањето на монетарната политика.

Досегашните мерки немаат задоволувачки ефект и кризата продолжува со несмалено темпо. Очигледно е дека политиката денес во многу ја детерминира економијата и дека слободните пазарни принципи се тргнати на страна и политичките интереси на земјите ја преземаат улогата на пазарните механизми. Економијата се користи како оружје во војната и тоа секако носи големи жртви во стопанствата на државите.

Од друга страна азиските земји бележат голем раст и подобрување на животот на граѓаните, нивниот стандард и платите. Тоа предизвикува и зголемување на трошоците за

инвеститорите кои традиционално вложуваа во овој дел од светот очекувајќи ниски трошоци. Во такви услови реално е да се очекува да голем дел од европските фирми побараат нови локации за своите бизниси, каде Балканот се нуди како поволна опција поради близината и сушете ниските трошоци за бизнис операциите.

Во балканскиот регион состојбите се слични и надворешните ефекти од кризата се пренесуваат на фирмите во регионот. Политичките фактори, како економската и политичка изолација на Русија предизвикаа големи промени и во економиите во регионот кои се значително поврзани со земјите од Европа но и со Украина и Русија. Многу планирани извозни зделки се откажани и фирмите се принудени да бараат нови пазари. Во услови на глобална криза наоѓањето на нови пазари не е лесна ниту брза активност и губењето на пазарите може да предизвика пропаѓање на голем број на фирми.

Климатските промени и сите мерки и ограничувања кои се поставени пред индустријата за намалување на ефектите од загадувањето се исто така фактор кој влијае врз цените и достапноста на енергијата и другите инпути потребни за производството.

Светот се среќава со големи миграции на луѓето, бегалци, било од војната било од лоши економски и услови за живот. Овие милионски поместувања на луѓето влијаат врз економиите и политичката стабилност на земјите што дополнително ја отежнува состојбата.

Задолжувањето на државите оди над прифатливите стапки на задолженост и создава дополнително оптоварување за државите. Кредитите најмногу се користат за функционирање на државата и ублажување на социјалните проблеми во државите, што на долг рок ќе има негативни ефекти на економијата, заради недостаток на инвестиции.

Зголемувањето на платите во јавниот и приватниот сектор се притисок врз економијата, бидејќи сега ќе треба да одвојуваат повеќе пари за плати т.е. да ги зголемат трошоците за работењето, а од друга страна парите дадени за јавни функции на државата ќе бидат пренаменети за платите во јавниот сектор, наместо за поддршка на економијата, градба на инфраструктура и сл.

Секоја криза претставува и можности за оние кои можат да ги препознаат и кои можат брзо и ефикасно да се прилагодат кон новите услови, така да некои сектори бележат раст, особено фирмите од секторот фармација, трговија со храна, енергетските компании, ИКТ индустрија, прехранбена индустрија и сл. Дигитализацијата во целата држава, па и на ниво на општина стана задолжителна доколку се сака да се фати возот со развојот на останатите земји. Вложувањето во млади луѓе, нивното образование и градење на силен ИКТ сектор е основен предуслов за опстанок и развој на државата.

Општина Шуто Оризари е исто така зафатен со кризата која се манифестира со намалување на бројот на фирмите, кратење на работни места, изостануваат значајни инвестиции во општината и намалување на стандардот на луѓето кои се среќаваат со инфлација и секојдневно зголемување на цените. Малите земји со ограничени индустриски капацитети немаат многу избор и инвестирањето во дигитализација е клучна за идниот период.

Недостаток на квалификувана работна сила се чувствува веќе подолг период и тоа е уште еден фактор кој ја забавува економијата во регионот и оневозможува поголеми инвестиции. Земјоделието е иситнето (мали површини и производители) и како такво не може да биде конкурентно со големите произведувачи чии производи се увезуваат по поевтини цени. Примената на застарени технологии во земјоделието, високите цени на енергенсите, ѓубривото, семенскиот материјал и немање работна сила, се фактори кои сериозно го загрозуваат земјоделското производство. Општина Шуто Оризари е воглавно урбана општина и не се посветува внимание поголемо внимание на развој земјоделието.

Секако, можноста за градење на услови за развој е на носителите на одлуките и на нивните капацитети да ги согледаат пречките и можностите и да најдат начини за наоѓање на оптимални стратегии за развој на економијата и тоа како не централно така и на локално ниво. Избраните приоритети за интервенција, поставените цели и соодветно избраните активности за водење на политиките ќе имаат многу блиска врска со планирањето на буџетот на државата или општината, бидејќи сите дефинирани определби мора да се преточат и во јасни финансиски инструменти и начин на користењето на буџетите.

Следењето на трошењето на буџетските средства е клучно заради оценка дали средствата кои се потрошени резултирале во некој мерливи резултати, кои се дефинирани со политиките и стратегиите. За следење на резултатите се потребни дигитализација и систем на следење на резултатите на многу брз, ефективен и ефикасен начин.

Конкретно, за општината Шуто Оризари, важно е да се наспомене дека како општина со доминантно ромско население има големи можности за развој, користејќи поволни политики на ЕУ и другите земји. Глобалните и регионалните иницијативи за поддршка на ромското население и подобрување на стандардот на живеење нудат исто така големи можности. Општинската администрација заедно со невалидниот сектор и поддршка од националните институции може да аплицира за проекти со различни намени, од подобрување на домувањето, образованието, социјалата, подобрување на инфраструктурата, промоција на културата до фондови за поддршка на претприемништвото и развој на бизнис секторот. Од витално значење за општината е создавање на соодветни капацитети во општината кои ќе можат да ги идентификуваат можностите и соодветно да ги артикулираат своите барања кои ќе бидат преточени во проекти со кои можат да се обезбедат средства за финансирање на општинските приоритети.

Обука и поддршка на општинската администрација и невладиниот сектор за користење на проектите и можностите кои тие ги нудат се прв приоритет од чие исполнување ќе зависи и степенот и брзината на развојот на општината.

# Профил на општината

## Лична карта на општина Шуто Оризари

| | |
|---|---|
| Локација | Општината Шуто Оризари е една од општините на Град Скопје и се наоѓа во северниот дел на градот. Граничи со општините Чучер – Сандево, Ѓорче Петров и Бутел |
| Население | 25.726 |
| Број на живеалишта | 6.104 |
| Територија | 7,48 $км^2$ |
| Густина на населеност | 3.439 жители на Км$^2$ |
| Број на населени места | Едно населено место - урбано<br><br>Во 1996 година, кон населбата Шуто Оризари се приклучуваат селата Горно и Долно Оризари и формираат единствена управна единица - општина Шуто Оризари |
| Надморска височина | Просечна надморска височина е 250 м |
| Образование | 2 основни училишта<br>1 средно училиште |
| Радио и ТВ (локални) | Радио станици 0<br>ТВ станици 1 |
| Здравствени установи | 1 амбуланта |

| | |
|---|---|
| Вработени | 21 во 1 сектор и 6 одделенија |
| Буџет за 2022 | |
| Адреса | Хаџи Јован Шишко бб1000, Скопје |
| Телефон | +389 2 614 666 |
| Факс | +389 2 614 688 |
| E-mail | info@sutoorizari.gov.mk |
| WWW | https://sutoorizari.gov.mk/ |
| Facebook | https://www.facebook.com/pages/%C5%A0uto-Orizari-Municipality/196414850411472 |

Сообраќајна инфраструктура

| | |
|---|---|
| Автопатишта | Општината е одлично поврзана со автопатот А1 (Пријателство) кој е дел од европскиот коридор Е-75 и се протега од северната граница на државата со Србија (Куманово) до јужната граница со Грција (Гевгелија). Поврзувањето е преку обиколницата на автопатот околу Скопје.<br>Преку обиколницата општината е поврзана и со западниот дел Тетово-Гостивар-Охрид-Албанија, како и со Косово. |
| Главни патишта | Како скопска општина, таа е директно поврзана со сите места во Македонија |
| Железнички линии | Железничка линија од Скопје кон Куманово, Битола, Кочани, Србија, Грција и Косово |
| Пристаништа | Солун, Грција е околу 239 км<br>Драч, Албанија е околу 337 км |
| Аеродроми | Скопје 28 км |

Патната мрежа во Општина Шуто Оризари има вкупна должина од 33 км, од кои најголемиот дел ја сочинуваат уличната мрежа во урбанизираните населени места, а мал дел отпаѓаат на патиштата што ги поврзуваат населените места во рамки на општината. Патната мрежа не е во добра состојба, освен главните улици и потребно е асфалтирање на постојните улици и изградба на нови, особено во деловите на општината во кои нема асфалт.

Градскиот и приградскиот сообраќај во општината е организиран од страна на јавното сообраќајно претпријатие ЈСП и приватни превозници и со повеќе автобуски линии, општината е добро поврзана со центарот на градот и со другите населени места.

Градските автобуски линии се:

- Автобус број 19 од Карпош до Шуто Оризари
- Автобус број 20 од железничка станица – Транспортен центар до Шуто Оризари
- Автобус број 71 од Транспортен центар, поминува низ еден дел од општината Шуто Оризари, до с.Бањани
- Автобус број 81 од с. Чучер Сандево, преку Шуто Оризари, до Транспортен центар

Оддалеченоста од центарот на општината до меѓуградскиот автобуски и железничкиот сообраќај е 7 км. Преку Транспортниот центар, општината Шуто Оризари е поврзана со сите со сите други градски населби во Скопје и приградските населби и села во Скопскиот регион.

Меѓуградскиот сообраќај е регулиран со автобуски превоз до сите поголеми места во државата, како и надвор од неа, со главните центри во околните држави, Софија, Белград, Солун. Од Скопската меѓународна автобуска станица, има директни редовни автобуски линии до повеќе градови во Хрватска, Словенија, Швајцарија, Австрија, Италија, Германија, Турција и други земји.

Железничкиот сообраќај е можен на релација кон Битола, Кочани, Куманово и Гевгелија, како кон соседните земји Србија и Грција. Заради општата состојба со железничкиот сообраќај во земјата, истиот се користи многу малку, со мал број патнички возови дневно. Железницата најчесто се користи за транспорт на стоки. Состојбата со пругата и вагоните е во незавидна состојба. Тие застарени, пред крај на работниот век, не се одржуваат редовно и заради тоа постојано се случуваат дефекти. Заради постојано каснење, дефекти и неодржување, како и заради тоа што се спори и патувањето трае многу подолго од патување со автобус, многу е намален бројот на возови кои сеуште се во употреба.

Водоснабдувањето во општината се врши преку градскиот водовод на кој има 4.500 приклучоци, додека с. Горно Оризари се снабдува со вода од четири артериски бунари.

Во летниот период, водоснабдувањето претставува проблем за приклучоците на градската водоводна мрежа. Водоводни цевки кои се поставени пред неколку декади не предвиделе задоволување на потребниотденешен капацитет. Исто така потребно е да се изврши и замена на старите цевки. Истото го доведува до прашање и квалитетот на водата пред се за пиење, поради промена на стандардите во изработката на самите цевки за водоснабдување.

Канализација и пречистување на отпадни води е организирана преку градската канализациска мрежа, која е достапна за околу 90% од населението. Останатите 10% од населението, користат септички јами, а дел истекуваат на јавни површини и ја загадуваат околината. Ова претставува голем проблем во општината и потребно итно решение, односно заокружување на канализациската мрежа на целата територија на општината. Со оглед на тоа што канализациската мрежа е во надлежност на Градот Скопје, потребно е овој проблем да се решава во соработка со Град Скопје.

Водоводната инфраструктура е добро развиена и целата општина е покриена со водоводна инсталација до сите сомови и деловни објекти.

Територијата на Општина Шуто Оризари е целосно покриена со сите телекомуникациски оператори за фиксна и мобилна телефонија, интернет, радио и ТВ врски.

## Население

Општина Шуто Оризари е првата општина во светот со мнозинско ромско население.Според последниот попис на населението од 2021 година има вкупно 27.711 жители, од кои 1.985, или 7,2% е нерезидентно население. Резидентната население бележи пораст, за разлика од нерезидентното, кое опаѓа во периодот помеѓу двата пописи. Во 2002 година бројот на резидентно население изнесувал 22.017, а во 2021 година се зголемил за 3.709 жители, што претставува зголемување за 16,8%. Истовремено бројот на нерезидентно население е намален за 1.985 жители, односно за 9%.

Од вкупниот број население, од кои половина (12.958) се мажи, а половина (12.768) жени, најголем број, односно43,8% се Роми, 34,3% се Албанци, 3,5% се Македонци и 0,3% се Турци.

| Шуто оризари | Вкупно | Роми | Албанци | Македонци | Турци | Останато | Други лица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 25.726 | 11.267 | 8.828 | 906 | 73 | 196 | 4.456 |
| Мажи | 12.958 | 5.646 | 4.520 | 457 | 44 | 106 | 2.185 |
| Жени | 12.768 | 5.621 | 4.308 | 449 | 29 | 90 | 2.271 |

Според пописот, скоро 18% од населението во општината не е попишано и за нив податоци се преземени од административни извори, па заради тоа за нив нема податок за етничка припадност.

Голем е бројот на лицата кои се изјасниле како “други“ и тие се застапени со 18,1% од населението во општината.




Вкупниот број на население во општината постојано се зголемува како резултат на постојан прилив на жители од други општини, особено во последните 5 години. Според пописот од 2002 година, бројот на населението во општина Шуто Оризари изнесува 22.017 жители. Споредено со бројот на жители во 2021година кој изнесува 25.726, претставува зголемување за 3.709 жители, односно16,8%, во однос на бројот на попишаните жители во 2002 година.

Во 2016 и 2017 година, во општината има повеќе отселени лица, од доселените, што се должи на иселување, односно миграција на населението кон странство, најмногу во земјите на ЕУ. Така, во 2016 година според податоците од ДЗС, во општината се доселиле 35 лица, а се доселиле 28, додека во 1027 година, бројот на отселени е 50, а на доселени лица изнесува 38. Од 2018 година состојбата се менува и бројот на доселени лица е поголем од бројот на отселени. Доселените лица најмногу се од други општини во државата.

Трендот на постојано иселување од општината, но и од државата е евидентен од намалениот вкупен број на население. Гледано го региони, сите други региони бележат намалување на населението, освен скопскиот регион, каде е евидентирано зголемување на населението. Аналогно на тоа и бројот на жители во општината постојано се зголемува. Според објавите на Државниот завод за статистика, скоро вкупниот број на доселени и отселени лица од општина Шуто Оризари, од 98% до 99% претставуваат внатрешните

миграции од други општини, додека минорен е бројот на отселени, односно доселени лица од странство. Причините за иселување се должат на вработување и склучување на брак.

Во оваа статистика не се вклучени иселувањата и повратот на лицата кои се селат сезонски или се водат како мигранти, но кои не се регистрирани како отселени, односно доселени од страна на институциите.




Согласно Државниот завод за статистика, во последните години бројот на отселени лица од општината се намалува и се појавува позитивно миграциско салдо, односно бројот на доселени лица во општината е поголем од бројот на отселените. Најнизок број на отселени лица има во 2020 година, 19, од кои само 2 се отселени во странство.

Покрај иселувањето, општината се соочува и со постојано стареење на населението. Според пописите од 2002 и 2021 година, најмногу е зголемен бројот на лица над 65 години, за 105% (од 993 лица во 2002, на 2036 лица во 2021), како и на лицата помеѓу 35 и 64 години, за 34% (од 6.851 лице во 2002 на 9,191 лице во 2021).

Истовремено бројот на лица од 0 до 34 години се зголемува со побавна динамика, и тоа кај категоријата од 0 до 14 години за 215 лица, односно 3,3% и кај категоријата од 15 до 34 години за 129 лица, односно 1,7%.

Табела 1: Население по старосни групи, по пописи




*Извор: Државен завод за статистика*

Бројот на население кај категоријата над 65 години е зголемен за 1.043 лица и тоа најмногу кај лицата од 75 до 79 години за 158% и кај лицата од 80 до 94 за 130%. Кај другите категории зголемувањето е кај лицата од 65 до 69 години, чиј број е зголемен за 107% и кај лицата од 70 до 74 години за 85,7%.

Табела 2: Структура на население по старосни групи во 2021




*Извор: Државен завод за статистика*

Миграциите, позитивната стапка на наталитет (повисока од просекот на државата) и порастот на населението над 65 години имаат влијание врз зголемување на бројот на работоспособно население во општината и стареење на населението, што создава зголемена потреба од креирање на нови работни места во општината, како и вработување во други општини.

Овие сознанија се од голема важност за креирање на идни политики и мерки за локален економски и социјален развој на општината, особено од аспект на одржливост и развој. Потребно е континуирано следење на состојбите и креирање на приоритети во стратешкиот пристап на креирање на конкретни активности кои ќе придонесат кон побрз економски развој на општината и здрава животна средина за подобар живот на населението во општината.

Еден од показателите за подобар живот е и бројот на членови на домаќинство кои живеат во еден стан. Доколку се направи споредба на податоците од пописите, состојбата е следна:

Во 2002 година, во општина Шуто Оризариимало 4,3 членови во едно домаќинство, додека во 2021 година едно домаќинство брои 4,2 членови, што укажува на тоа дека состојбите за 12 години не се промениле.

| Попис | Население | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| 2002 | 22.017 | 5.102 | 5.232 |
| 2021 | 25.726 | 6.104 | 6.716 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Во 2002 година, бројот на станови по домаќинство изнесувал 1,03, додека во 2022 година, на едно домаќинство припаѓаат 1,10 станови, што покажува на благо подобрување на состојбите во делот на домувањето.

## SWOT Анализа

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, можностите и заканите) за економски развој на општина Шуто Оризари е подготвена врз основа на анализата на состојбите во општината, постојните капацитети, расположливите ресурси, потенцијалот за развој и глобалните трендови и социо-економскиот развој на регионот.

| Силни страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| • Искусен човечки капитал вработен во општината<br>• Составен дел од град Скопје, како економски најразвиен регион во државата<br>• Близина на голем пазар на град Скопје<br>• Близина и можности за вработувања во други општини<br>• Добра сообраќајна поврзаност со деловите на град Скопје<br>• Постоење на разновидни културни манифестации<br>• Активни невладини организации | • Недоволен капацитет на општинската администрација<br>• Недоволно добри услуги кон бизнисите и граѓаните<br>• Спора администрација/долги процедури за издавање дозволи<br>• Недоволна база на податоци и информации<br>• Не дигитализирана општина<br>• Недоволно развиен систем на мониторинг и евалуација<br>• Недоволно силна комуникација со бизнисот- непостоење на механизми за комуницирање на општината со бизнис секторот преку разни форми на бизнис форуми, бизнис клуб или слично<br>• Слаба покриеност на општината со изработени урбанистички планови<br>• Голем број невработени<br>• Неповолна образовна структура на невработените<br>• Отсуство на соработка помеѓу бизнисот и средното стручно училишта за потребни образовни програми и квалификации<br>• Недоволна искористеност на можностите за развој на бизнисите, како активни мерки на Владата и ЕУ и други фондови<br>• Недоволно организиран и дефиниран пристап кон практичната работа и дуално образование<br>• Недоволно инвестиции кои би отвориле нови работни места<br>• Недоволно развиена инфраструктура |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| • Слободни работни места во сите општини во Скопскиот регион<br>• Слободни места во ТИРЗ Скопје<br>• Слободни површини за изградба на капацитети индустриски зони<br>• Поволна инвестициска клима во државата и добра законска регулатива<br>• Користење на програми и средства за преквалификација и доквалификација на работниците<br>• Програми на АВРМ за вработување, самовработување и микро кредитирање,<br>• Пристапност до други финансиски инструменти освен редовните банкарски комерцијални инструменти<br>• Поголеми овластувања и средства за општината, како резултат на натамошна децентрализација<br>• Достапност на Европските фондови и други донатори<br>• Достапност на фондови и програми на централната власт<br>• Добра соработка помеѓу бизнис секторот – невладините организации – образовните институции во однос на креирање проекти од Европски фондови<br>• Зголемен број на туристи и посета на разни етнички настани, фестивали | • Несигурна поличка ситуација на глобално ниво и последици по домашната економска ситуација и политичка криза<br>• Зголемување на каматните стапки, како резултат на економската криза надвор и во земјата<br>• Недостаток и зголемување на ценитена енергенсите за потребите на граѓаните и бизнис секторот<br>• Зголемени цени на горивата, градежните материјали и на сите други суровини и материјали<br>• Затворање на фирми и намалување на потребата од работна сила |

Анализата покажа дека администрацијата на локалната самоуправа има релативно солидна кадровска екипираност, но потребно е зајакнување на капацитетите. Општината има добра основна инфраструктура за образование и спорт, здравственаустанова и соработка помеѓу здравствените институции. Има постоечка инфраструктура за култура и традиција на културно-забавни настани како и голем број на здруженија на граѓани.

Можностите за унапредување и развој се најмногу во областите образование, развој на претприемништво, унапредување на инфраструктурата и подобрена социјална заштита. Исто така потребни се поголеми напори за преквалификација на лицата кои бараат работа и подобра соработка со бизнис секторот.

Како најголема закана во анализите произлезе иселувањето на цели семејства, кои се иселуваат периодично (најчесто летниот период), па за време на нивниот привремен престој или при нивниот поврат, се создаваат проблеми од најразлични карактери (домување, вработување, образование, здравствена заштита и др.) што го загрозува идниот развој на поединечните области, но и на целата општина.

Како најголема можност во секоја од областите произлезе поголемото искористување на расположливите фондови, пред се ИПА и ИПАРД, што отвора потреба од планирање на активности кои ќе ги зголемат капацитетите на надлежните за подготовка и имплементација на вакви проекти, но и потребата од поголема соработка помеѓу општествените чинители и здружување на нивните капацитети и знаења. Поголемата соработка исто така е препознаена како добра можност и потреба од секоја од соодветните работни групи.

## Регионална и локална економија

Скопскиот плански регион, во кој спаѓа општина Шуто Оризарие економски најразвиен регион во државата, во кој во изминатите десетина години најмалку се вложува, односно реализирани се најмалку јавни инвестиции од страна на државата.

Најмногу инвестиции во анализираниот период се вложени во Североисточниот регион, 28,5%, потоа во Полошкиот регион, 22,3% и во Југозападниот регион, 13,4%.

Табела 3: Јавни инвестиции по региони во периодот 2009 – 2018




*Извор: Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021-2031*

Најниско ниво на инвестиции е остварено во Скопскиот регион, 2,7% и во Источниот регион, 6,2% од вкупно реализираните инвестиции за развој на регионите во Република Македонија.

За подобро креирање на стратегии за развој на планските региони и споредба на развиеноста помеѓу регионите, донесена Одлука за мерење на степенот на развој на планските региони во Република Северна Македонија, Според оваа Одлука, развојниот индекс се утврдува како пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс, при што двата индекси имаат подеднакво учество во креирањето на развојниот индекс. Доколку индексот изнесува 100, нивото на развој на планскиот регион е еднакво на

просечниот развој на државата. Индекс поголем од 100 означува повисоко, а индекс помал од 100 означува пониско ниво на развој на планскиот регион од просечниот развој на ниво на држава.

Во следната табела е прикажан степенот на развој на регионите и напредокот во развојот помеѓу двата периода. Од табелата се гледа дека Скопскиот плански регион остварил највисока пораст, за 0,03, односно за 3 индексни поени.

Табела 4: Развоен индекс по региони




*Извор: Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2021-2031*

Во следната табела е прикажан развојниот индекс на регионите за периодот од 2018 до 2023 година

Табела 5: Класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година

| Плански регион | Развоен индекс | Економско-социјален индекс | Демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 98,7 |

*Извор: Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026*

Скопскиот плански регион има највисок степен на развиеност од 151 индексен поен и е со највисоко темпо на развој спореден со другите региони

Што се однесува со БДП, скопскиотима највисок индекс, односно најголем БДП по жител и истиот го задржува истото ниво во однос на БДП по жител во другите региони.

Табела 6: Бруто домашен производ по жител

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопски регион | 143,4 | 141,8 | 142,0 | 142,5 | 141,8 |
| Пелагониски регион | 98,4 | 97,0 | 101,7 | 102,6 | 101,5 |
| Југоисточен регион | 119,1 | 117,8 | 112,2 | 110,5 | 107,4 |
| Југозападен регион | 77,4 | 80,2 | 78,8 | 76,5 | 76,6 |
| Источен регион | 92,7 | 97,5 | 97,7 | 96,2 | 98,0 |
| Вардарски регион | 105,3 | 103,5 | 104,6 | 108,4 | 111,5 |
| Полошки регион | 46,2 | 47,2 | 46,7 | 43,7 | 48,1 |
| Североисточен регион | 58,6 | 58,5 | 57,9 | 56,2 | 56,5 |

*Извор: Програма за развој на Источен плански регион 2021-2026*

## Економија и инвестиции

Во општина Шуто Оризари, во 2021 година функционираат вкупно 239 претпријатија, од кои повеќе од две третини, 177 се микро претпријатија,60 претпријатија се мали, а има само по едно средно и големо претпријатие. Структурата на претпријатијата по големина е исклучително неповолна, доколку општината се гледа изолирано од другите градски општини во градот Скопје.

| Шуто Оризари | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 295 | 258 | 270 | 238 | 218 | 216 | 220 | 226 | 229 | 241 | 228 | 239 |
| **микро** | 168 | 177 | 211 | 184 | 170 | 168 | 162 | 168 | 178 | 186 | 166 | 177 |
| **мали** | 124 | 78 | 57 | 52 | 46 | 45 | 55 | 55 | 49 | 53 | 59 | 60 |
| **средни** | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| **големи** | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |

Во периодот од 2010 година до 2021 година, вкупниот број на претпријатија во општина Шуто Оризари е намален за 56, односно за 19%, и тоа, од 295 во 2010, на 239 претпријатија во 2021 година. Карактеристично ераситнување на малите претпријатија за сметка на микро претпријатија.

Од анализата на бројот на претпријатија во периодот 2010 – 2021 година, може да се забележи дека структурата на претпријатијата по големина е изменета токму кај овие две категории. Учеството во вкупниот број на мали претпријатија е намалено од 42% во 2010 година на 25% во 2021 година, додека учеството на микро претпријатијата од 57% се зголемило на 74%. Истовремено се намалил бројот на големи претпријатија од 2 во 2010 година, на 1 во 2021 година, додека бројот на средни претпријатија останал ист, односно 1 претпријатие.

Табела 7: Структура на претпријатија по големина




*Извор: Државен завод за статистика*

Од следната табела може да се види движењето на бројот на микро и мали претпријатија во анализираниот период. Бројот на мали претпријатија е намален за 60, односно преполовен, додека бројот на микро претпријатијата е зголемен за 9. Останатите 51 средно претпријатие згаснале. Ова наведува на заклучок дека малите претпријатија имаат проблем со опстанокот кој се должи на проблеми со ликвидноста, како и недоволно искуство, знаење и вештини на менаџерите да се справуваат со промените.

Оваа состојба секако негативно влијае врз целокупната економија во општината, создавајќи социјални проблеми преку зголемување на бројот на невработени лица. Дел од нив започнуваат сопствен бизнис, што се гледа од порастот на бројот на микро претпријатија, но најголем дел се приматели на социјална помош, работат „на црно“, или се иселуваат во странство.

Иселувањето создава дополнителен проблем на одлив на работна сила, но дел од нив се враќаат во општината како повратници, кои заради честото селење како сезонски работници не претставуваат добра основа на работна сила на која може да сметаат работодавачите.

Табела 8: Микро и мали претпријатија




*Извор: Државен завод за статистика*

За општината е многу важно да се задржи бројот на мали претпријатија и да се зголемува бројот на средни и големи претпријатија, бидејќи тие се двигатели на економскиот развој, апсорбирајќи поголема работа сила и го поттикнуваат развојот на микро и малите претпријатија, вклучувајќи ги во синџирот на набавки.

Табела 9: Средни и големи претпријатија




*Извор: Државен завод за статистика*

Бројот на средни и големи претпријатија во анализираниот период се движи од 1 до 2 претпријатија.

Општина Шуто Оризари е позната по голем број фирми за трговија на големо и мало, трговија и поправка на моторни возила, како и занаетчиски услуги.

Табела 10: Број на претпријатија по сектори




*Извор: Државен завод за статистика*

Според статистичките податоци, бројот на активни претпријатија во општинаШуто Оризари изнесува 239, од кои најголем број се во трговијата на големо и мало (39%), потоа транспорт и складирање (11,7%) и во преработувачката индустрија (11,3%).Другите

услужни дејности се застапени со 9,6% и заедно со градежништвото (8,3%), и сервисните дејности, се наоѓаат на второ место, веднаш после трговијата.

Од ова може да се заклучи дека општина во општина Шуто Оризари најзастапени се трговијата, услужните дејности и лесната, преработувачка индустрија.

Доколку се анализира динамиката на бројот на претпријатија во периодот 2010-2021 година, се забележува раздвижување на секторите и пораст на преработувачката индустрија, објекти за сместување и услужните дејности, за сметка на трговијата, земјоделието и дејностите од образованието, здравствената и социјалната заштита.

Табела 11: Движење на бројот на претпријатија по сектори




*Извор: Државен завод за статистика*

## Инфраструктура и енергетика

Општина Шуто Оризари има развиена патна мрежа во смисла на поврзаност на општината со градот Скопје и со другите општини и градови во Македонија, но евидентна е потребата од изградба на локални улици во општината, како и постојано одржување на патната инфраструктура.

Останатата инфраструктура, како водовод и канализација не е соодветно развиена и попотребни се значителни и постојани инвестиции во ширење на мрежите, замена на водоводната и канализациската мрежа, како и нејзино одржување. Голем дел од општината нема изградена мрежа за вода и канализација, што создава постојан проблем и во снабдување на делови од општината со вода за пиење и со излевање на фекалните води на површината на улиците.

Слична е состојбата и со снабдување со електрична енергија, додека употребата на соларна и енергија од други обновливи извори не е воопшто развиена.

ИКТ инфраструктура во општината е исто така слабо развиена, што оневозможува соодветна употреба на современи брзи мрежи за транспорт на електронски податоци.

Ова се основните подрачја на делување на општината во наредниот период, како основа за креирање услови за подобро и похумано живеење и понатамошен економски развој на општината.

## Пазар на труд

Во последната декада се забележува позитивен тренд на пазарот на труд кој се манифестира со константен пораст на стапката на вработеност и соодветно опаѓање на стапката на невработеност. Сепак, состојбите сеуште се предизвикувачки и динамични, пропратени со чести промени во понудата и побарувачка на работна сила. На тоа најголемо влијание имаат промените на пазарот и прилагодувањето на компаниите кон динамичните процеси на глобалниот пазар, а особено на европскиот пазар, како главен кон кој се стремат домашните фирми. На ова се надоврзува и се почестото иселување на млад и стручен кадар во европските и други земји, заради подобри услови на работа и повисоки примања.

Од друга страна, понудата на работна сила не соодветствува на побарувачката, заради структурата на невработените од аспект на нивните квалификации, знаења, вештини и искуство. Исто така голем број стручни лица работат од дома за странски фирми и тие не се евидентирани во домашните статистики за вработени лица.

Табела 12:Стапка на вработеност и невработеност во РМ




И покрај опаѓачкиот тренд на бројот на невработени, стапката на невработеност е висока, а структурата на невработени по степен на образование е неповолна.

Анализирајќи ги податоците од Државниот завод за статистика и Агенцијата за вработување, евидентирани активни баратели на работа до крајот на 2021 година се 3.583 лица, од кои половината (51,7%) се жени.

Ако се анализира структурата на невработени по степен на образование,85% од невработените 3.053 лица се без образование и со основно образование, 219 лица, односно 6% се со непотполно средно образование и 276 лица, односно 8% се со завршено средно образование. Со завршено високо образование се само 30 лица, односно само 1% од невработените лица.

Табела 13: Структура на невработени во општина Шуто Оризари




Доколку се направи споредба на структурата на невработените во општина Шуто Оризари со истата на ниво на Град Скопје и на национално ниво, се забележува дека таа е понеповолна, односно во општина Шуто Оризари многу е поголем бројот на невработени без образование, а малку подобра на невработените со основано образование и со непотполно средно образование од структурата на ниво на град Скопје и на национално ниво.

Табела 14: Споредба на структурата на невработени




Структура на невработени според образование и пол покажува дека кај мажите поголем е бројот на невработени без образование и со основно образование, како и со високо образование, додека кај жените поголем е бројот со завршено средно и више образование.

| | Мажи | Жени |
|---|---|---|
| Без образование и со основно образование | 45,9% | 54,1% |
| Непотполно средно образование | 75,8% | 24,2% |
| Завршено средно образование | 51,8% | 48,2% |
| Завршена више образование | 100,0% | 0,0% |
| Завршено високо образование | 46,7% | 53,3% |
| Магистри на науки | 75,0% | 25,0% |

Што се однесува до структурата на невработените според возраст, во општина Шуто Оризарибројот на невработени е скоро подеднакво застапен кај сите возрасни групи од 5 години, освен кај младите од 15 до 19 години.

Табела 15: Невработени според возраст




Споредено со состојбата на ниво на држава и на ниво на град Скопје, структурата на невработените според возраст е понеповолна во општина Шуто Оризари и тоа најмногу кај невработените лица кај старосната група од 15 до 24 години и кај лицата од 45 до 59 години.




Најголем дел од невработените се Роми73,5%, Албанци 19% и Македонци 6,6% и Турци 0,4%. Според бројот на Ромското население, 30,2% од Ромите се невработени. Ако на ова се надоврзе и податокот од спроведената анкета на ромите, според која 85% од анкетираните се без образование, со неоформено основно и со завршено основно образование, се доаѓа до детектирање на проблемите со ромското население нивно вработување.

Табела 16: Невработени според националната припадност




Според националната структура, од вкупниот број невработени лица, 25,9% од Македонците се невработени, 23,4% од ромите, 17,8% од турите, додека најмал број невработени има кај албанското население, 2,7%




Според степенот на образование, најнеповолна е структурата кај Ромското население, кое е во најголем дел без образование, со основно и непотполно средно образование, додека невработени со високо образование се најмногу Албанци.













Побарувачката на пазарот на трудот, според анкетата за потребни вештини на Агенцијата за вработување, укажува дека во наредниот период во Скопскиот регион најбарани се програмер, машински инженер, информатичар, фармацевт, работник на утовар-истовар, готвач, магационер, општ работник, возач на товарно возило, работник на едноставни работи на производствена линија и др.

Пазарот на труд во општината не може да се анализира само во рамките на општината, туку пошироко, во рамки на градот Скопје и Скопскиот регион, со оглед на тоа што побарувачката на работна сила во општината е многу мала и ограничена. Покрај можноста за вработување во градот Скопје, најголем е побарувачката на работна сила во ТИРЗ и индустриските зони во регионот.

Статистиките кои ја прикажуваат неповолната состојбата со невработеноста се должат на повеќе фактори. Дел од невработените кои се евидентирани се повремено надвор од државата и работат во странство. Голем дел од пријавените невработени фактички работат, но во неформалниот сектор а поради правото за примање на социјална помош, не се пријавуваат како вработени. Слабата квалификуваност е уште една пречка за формално вработување како во јавниот така и приватниот сектор.

Наведените причини треба да се адресираат и соодветно да се работи на нивно минимизирање.

## Образование

Состојбата со образованието и профилите на кадар кое ги обезбедува е таква да образовниот систем продуцира лица кои не се спремни веднаш по завршеното образование (средно или високо) да се вклучат во работните процеси. Образовните програми се застарени и не го пратат темпото на технолошките и пазарните промени на пазарот на трудот. Исто така, образованието во најголем дел е теоретско и отсуствува сериозна пракса на учениците од средните стручни училишта, но и од факултетите.

Заради тоа постои јаз помеѓу образовните профили на лицата кои бараат работа, во однос на побарувачката на работодавачите, како во целата држава, така и во општина Шуто Оризари. Работодавачите, најчесто странските фирми, тоа делумно го надминуваат со обука за нивни потреби, најчесто за ниско профилните работни места, како работници во погон и општи работници.

Од друга страна структурата на лицата кои бараат работа не соодветствува со побарувачката и потребни се доквалификација и преквалификација на невработените. Голем е бројот на необразован кадар и постои голем недостиг на работна сила за елементарни занимања. Дефицитарни се занимањата од делот на струки, но постои дефицит и кај високообразовните кадри.

Според анкетата за работна сила на АВРМ од 2020 година, работодавачите најмногу потреба имаат од работници со средно образование (46,9%) и со основно образование (35,4%), а најмалку со високо образование ( 9,3%). Исто така, најголем број  слободни работни места во Скопскиот регион и тоа најмногу на работници соразлични занимања и вештини. Препораката на студијата е дека е потребна преквалификација и доквалификација на работната сила според потребите на бизнис секторот. Истражувањето на Светска Банка 2020 укажува дека обуките понудени од страна на образовниот систем не содејствуваат со потребите на бизнис секторот. Во истата студија е констатирано дека ученици немаат соодветни практични вештини според здобиената диплома.

Проблемот со невработените во општината е што најголем дел од нив (85%) се без образование и со основно образование, без квалификации и вештини. Заради тоа потребно е општинската администрација да се посвети на создавање услови прво за описменување на населението во општината, на дооформување на основното образование, како и дооформување на средно образование и создавање на услови за доквалификација на определени струки за кои има побарувачка на пазарот на трудот.

Заради тоа потребна е поголема соработка и координација на институциите и бизнис секторот, со цел да се обезбеди преквалификација на невработените

лица.Преквалификацијата најчесто ја обезбедуваат акредитирани центри за обука, кои во градот Скопје ги има повеќе.

Покрај програмите за преквалификација и доквалификација, кои се нудат и од страна на АВРМ, преку активните мерки на Владата на РМ, бизнисите искажуваат и потреба од обука на сите невработени лица заради стекнување вештини, кои заради застарениот образовен систем, отсуствуваат како кај младите, така и кај повозрасните лица кои бараат работа.

Според анкетата за потреба на вештини на пазарот на трудот за 2020, работодавачите истакнале дека покрај образованието потребни и дополнителни вештини.

Вештини: странски јазици, компјутер, сертификати од обуки за дополнителни знаења и вештини, напредни ИТ вештини и познавање на програмски јазици и вештини за внес и читање на податоци

Меки вештини: комуникациски вештини, тимска работа, вештини за продажба, вештини за менаџирање

Лични вештини: амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност.

Обуки за вештини во Шуто Оризари нудат и дел од граѓанските организации, кои се активни во општината.

Во општина Шуто Оризари има 2 основни училишта и1 средно училиште кое ги обезбедува следните профили:

- Економско-правна и трговска струка - профил: Економски техничар
- Градежна-геодетска струка – Профил: Градежен техничар
- Здравствена струка – Профил: Медицинска сестра
- Лични услуги – Профил: Фризер и
- Угостителско-туристичка струка – Профил: Келнер

И покрај тоа што општината има средно училиштекое нуди различни струки, сепак е потребно усогласување и унапредување на програмите со потребите на бизнисот, како и воведување на нови програми и струки. Но, во околните градски општини има доволно средни училишта кои имаат различни струки и истите се достапни за жителите на општина Шуто Оризари.

Сепак, и покрај различната понуда на струки, се јавува потреба од нови струки потребни на бизнис секторот. Она што исто така треба да се нарави е средните училишта да акредитираат обуки за струките кои ги нудат и да станат центри за образование на возрасни, за доквалификација и преквалификација.

Потребна поголема ангажираност на центрите за преквалификација и доквалификација, да се интензивира соработката помеѓу средните училишта и големите и средни претпријатија во рамки на општината, а на среден рок да се направи преосмислување на програмите за образование во насока на потребите на пазарот на работна сила како и

унапредување на процесот на советување за кариера и советување на младите за избор на кариера според потребите на пазарот на трудот.

Состојбата со степенот на образование кај ромското население е критична повеќе од 60% од ромската популација е неписмена и со неоформено основно образование, што е последица од нередовно посетување на наставата и предвремено напуштање на училиштето заради сезонската работа на нивните родители. Во последно време младите Роми се поредовни, што придонесува и за зголемување на процентот на писменост кај младата популација, но голем дел од постарата популација останува функционално неписмен, што во многу им ја ограничува можноста за вработување и добивање на подобро платени работни места.

Практикантството како мерка која е воведена од неодамна дава добри резултати и проценка е дека 50% од практикантите ги задржуваат своите работни места по истекот на практикантскиот стаж. Но, ова е случај само со поголемите претпријатија, додека малите претпријатија немаат капацитет за менторство и слабо примаат практиканти.

Според последните податоци од ДЗС, вкупниот број на запишани ученици во основните училишта, се гледа дека постои благ пораст на бројот на децата во основните училишта во ОШО.

| | 2017/2018 | | 2018/2019 | | 2019/2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Училишта | Ученици-вкупно | Училишта | Ученици-вкупно | Училишта | Ученици-вкупно |
| Република Северна Македонија | 988 | 188.517 | 989 | 186.679 | 979 | 185.788 |
| Шуто Оризари | 3 | 3.955 | 3 | 3.968 | 3 | 4.037 |
| Процентуално учество | 0,3% | 2,1% | 0,3% | 2,1% | 0,3% | 2,2% |

*Извор ДЗС*



Во однос на ученици кои завршиле основно образование по години се забележува мала промена од 316 во 2017/18 на 306 во 2018/19 односно на 335 во 2019/20. Исто така се забележува дека најбројните групи деца се од Албанска и Ромска национална припадност. И покрај тоа што ромското население е значително побројно во општината Шуто Оризари, учеството на децата кои завршуваат основно образование е приближно еднакво кај двете националности, што укажува дека ромските деца имаат поголемо осипување од училиштата од албанските деца.




*Извор ДЗС*

## Социјална заштита

Најголем проблем со населението во општина Шуто Оризари е тоа што најголем дел од нив се без работа и се корисници на социјална помош од државата. Проблемот е долгорочен и работите бавно се менуваат, заради кругот на сиромаштијата кој се создава од неможноста да се обезбеди работа, што е поврзано со несоодветното образование, за кое се потребни средства. Голем број организации (Рома Фонд, УНИЦЕФ, УНДП, ЕУ, УСАИД и многу други) во последните триесет години активно работата на програми за Ромите, искоренување на сиромаштијата, обезбедување на станбен простор, а особено работата на полето на образованието и младите. Се обезбедуваат ментори кои им помагаат на учениците во наставата, работат со родителите и им помагаат на семејствата во процесот на останување на децата во училиште, обезбедување на училиштен прибор и други средства за учење и др. Сите овие мерки даваат резултати, но истите бавно се применуваат, а потребата за работа не дозволува целосно да ги постигнат резултатите.

Шуто Оризари е општина кај која, како и кај сите други, голем дел од населението, најчесто млади лица се стремат кон иселување надвор од државата. Исто така најголем

дел од ромското население работи сезонски работи, или работа „на црно“ и активно не бара работа, заради тоа што примаат социјална помош, која би ја изгубиле доколку се вработат. Најчесто сезонската работа ја обавуваат во странство како „азиланти“, но се поголем е бројот на лица кои принудно се враќаат во земјата. Ова е еден од поголемите проблеми кој се настојува системски да се решава, со ангажираност на сите релевантни институции и општинската администрација.

За справување со овој проблем, кој се надоврзува на постојните проблеми, потребни се ресорски, како човечки, така и технички и пари кои општината ги нема доволно. Заради тоа, општината треба голем дел од нејзините капацитети да ги фокусира на обезбедување на средства пред се за зајакнување на сопствените капацитети за проектна работа, односно искористување на можностите кои ги нудат европските и други фондови за унапредување на општинската инфраструктура, како и за подобрување на образованието и социјалната структура во општината. Унапредувањето на капацитети на општината за работа на проекти преку соработка со другите релевантни институции и граѓанскиот сектор, е формула која ќе овозможи добра основа за подигнување на нивото на развој на општината.

## Земјоделие и рурален развој

Општина Шуто Оризари е урбана општина и земјоделието е развиено на ниво на поедини домаќинства кои одгледуваат одредени култури.

Податоци за вкупната земјоделска површина во општината нема, истите се дадени на ниво на град Скопје. Вкупната земјоделска површина на општината е 54.732 ха, од кои обработлива површина е 17.586 ха, односно 32,2%, а пасишта се 37.131 ха или 67,8% во 2017 година.

Подолу е дадена табела во која се презентирани податоци од истражувањето од 2017 година од каде се гледа дека површините користени за земјоделие се мали и диверзифицирани по разни земјоделски култури, како и дека овоштарството кое е присутно зафаќа мали површини со мал број на стебла.

Од вкупната обработлива површина, 15.430 ха се ораници, ниви и бавчи, 1221 ха се под лозја, а останатите 925 ха се површини под овоштарници и ливади.




Може да се заклучи дека земјоделието не е примарна гранка во општината и има ограничени можности за развој а поради мала површина на земјоделско земјиште, недостаток на вода за наводнување, ситни парцели и ограничено стручно земјоделско знаење на постојните земјоделци.

Во рамки на општината постои и државно земјиште и потребно е да се направи Програма за дистрибуција на државното земјиште.

Во рамки на општината постои само една рурална заедница, Горно Оризари каде живеат околу 450 жители.

Во општината нема многу простор за развивање на посериозно земјоделско производство, но, тоа не значи дека невработените лица, или лицата кои имаат можност (пари и знаење и вештини) не можат да се занимаваат со земјоделие. Имено, во околните општини како Чучер Сандево или Ѓорче Петров, како и Илинден, Арачиново и други има на располагање земјоделска површина и земјоделски стопанства каде има потреба од работници.

**Табела: Површина и производство на градинарски растенија, истражување од 2017**

| | површина - хектари | | производство | |
|---|---|---|---|---|
| | засеана | ожнеана | вкупно во тони | кг по хектар |
| Пченица | 10 | 10 | 22 | 2.185 |
| 'Рж | - | - | - | - |
| Јачмен | 30 | 30 | 50 | 1.650 |
| Овес | 5 | 5 | 8 | 1.650 |
| Пченка | 40 | 40 | 46 | 1.150 |
| Ориз | - | - | - | - |
| Сончоглед | - | - | - | - |
| Тутун | - | - | - | - |
| Компир | 6 | 6 | 84 | 14.000 |
| Кромид | 2 | 2 | 24 | 12.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Лук | 1 | 1 | 4 | 4.000 |
| Грав | 5 | 5 | 5 | 950 |
| Грашок | 1 | 1 | 2 | 2.100 |
| Леќа | - | - | - | - |
| Зелка | 2 | 2 | 43 | 21.500 |
| Домати | 5 | 5 | 90 | 18.000 |
| Пиперки | 5 | 5 | 90 | 18.000 |
| Краставици | - | - | - | - |
| Бостан | - | - | - | - |

**Табела: Број на овошни стебла и производство на овошје, истражување од 2017**

| | број на стебла | | производство | |
|---|---|---|---|---|
| | вкупно | родни | вкупно во тони | кг по стебло |
| Цреши | 10 | 10 | 0 | 20 |
| Вишни | 90 | 90 | 2 | 20 |
| Кајсии | 60 | 60 | 1 | 15 |
| Дуњи | 5 | 5 | 0 | 15 |
| Јаболка | 50 | 50 | 2 | 30 |
| Круши | 30 | 30 | 1 | 30 |
| Сливи | 60 | 60 | 2 | 30 |
| Праски | 5 | 5 | 0 | 35 |
| Ореви | 60 | 60 | 2 | 25 |
| Бадеми | - | - | - | - |
| Лозја | 45 | 45 | 68 | 2 |

## Пречки и можности за развој

Средствата со кои располага општината а кои можат да бидат насочени кон поттикнување на развојот на бизнис секторот се многу ограничени. Општина Шуто Оризари не располага со природни богатства и на нејзина територија нема значајни рудни или минерални богатства за кои би се интересирале инвеститорите.

Од наведените причини општината е насочена кон користење на расположливи извори на финансирање на приоритети а преку домашни и меѓународни проекти. Степенот на искористеност на програмите и проектите кои се нудат се на ниско ниво и од тие причини идните напори на општината ќе бидат насочени кон засилување на капацитетите на општината за идентификација на можни извори на финансирање и ефективно аплицирање на проектите од кои ќе обезбеди средства за реализација на стратешките приоритети на општината.

Пречки кои се јавуваат при бизнис операциите а се поврзани со работењето на општината, се идентификувани во делот на урбанизмот кој се одликува со недоволна изработеност на ДУП-ови. Засега има изработено 2 ДУП-а а други 6 се во процес на

изработка. Општината спроведува законски процедури за одобрување на дозволи на градба но бавното одобрување на барањата за градби, резултира со дестимулирање на инвеститорите да инвестираат и работат на територијата на ОШО. Урбанистичкото уредување и целиот процес за започнување на некоја инвестиција одзема многу време и тоа во голем дел поради законската регулатива, но и поради бавноста на општинската администрација.

Инфраструктурата, во сите свои делови од патишта, енергетска, комунална или ИКТ инфраструктура бележи бавен развој и во многу го кочи развојот на општината. Во делот на енергетиката се согледани итните потреби за модернизација на постојната мрежа како и воведување на алтернативни извори на енергија за што во иднина ќе се изработи Програма за унапредување на енергетската инфраструктура и воведување на нови извори на енергија.

Еден од најголемите проблеми е немање на доволно квалификувана работна сила. Ова е структурен проблем кој ќе бара големи напори за доквалификација, преквалификација, едукација и планирање на кадри како би можеле деловните субјекти да работат непречено. Капацитетот на општината за вршење надзор на вработувањата е мал и постои работење на непријавени работници, така да е потребно зајакнување на инспекциските служби во делот на трудовата инспекција, но исто така и за вршење на инспекциски надзори во делот на животната средина.

Дигитализацијата на општинската администрација и услугите е важен приоритет кој треба да се реши во најбрз можен период. Дигитализацијата ќе резултира во многу поефективни и поефикасни процедури во делот на услугите и ќе овозможи привлекување на нови инвестиции во ОП како и ќе ги намали трошоците на општината, што ќе остави можност заштедите во буџетот да бидат инвестирани во други иницијативи на ОП.

Потребно е општината да организира услуги за потенцијалните претприемачи во вид на бизнис поддршка. Потребни услуги се за информирање на потенцијалните или постојните претприемачи за изворите на финансии, редовно информирање за сите мерки кои се нудат од страна на државата или разни проекти, држење на обуки за отворање и водење на бизнис, тековни совети за претприемачите од бизнис или правен карактер, можности за доквалификација, преквалификација, обуки за јазици, обуки за ИКТ и разни други професионални обуки, како обуки за возачи, занаетчии, обуки за разни професии како фризери, козметичари, машин-бравари, или други професии според потребите на пазарот.

Туризмот досега не беше идентификуван како приоритетен сектор за развој и досега нема забележителни резултати, но светските трендови се токму во насока на туризмот и општината ќе подготви соодветна стратегија за развој на туризмот како важна гранка во развојот на економијата на општината. Општина Шуто Оризари има потенцијал за развој на уникатен културен туризам со кој ќе привлекува голем број туристи од самата ромска популација ни и голем број туристи кои се обожаватели и љубители на ромската култура, етнос, фолклор, уметност. Во рамки на општината се наоѓаат и две археолошки наоѓалишта кои исто така можат да бидат ставени во туристичката понуда. Од тие причини во општината ќе бидат потребни унапредувања како во делот на

инфраструктурата така и во делот на организација и управување со туристичката понуда во рамки на општината.

Досега општината е позната како трговска дестинација со бројни штандови, и оваа дејност привлекува голем број посетители, како од другите општини, така и странски туристи кои сакаат да ја доживеат атмосферата и да купат стоки по поволни цени. Инфраструктурата е бариера за поголема посетеност, од аспект на недостаток на паркинг места и недоволни пропратни содржини, како места за одмор и посета на културни објекти. За зголемување на посетеноста, општината ќе се погрижи за отклонување на посочените недостатоци.

## Приоритети и цели

Целите на Стратегијата за ЛЕР на ОШО се базира врз следните параметри:

1. Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031
2. Програма за развој на Скопски плански регион 2021-2026:
3. Приоритети на општината утврдени низ партиципативен и инклузивен процес

Стратегијата за регионален развој е усогласена со основните стратешки цели на Регионалната политика на ЕЅ (политика на кохезија) како клучна инвестициска политика на ЕУ за одржлив и инклузивен раст. при подготовката на Стратегијата за регионален развој особено внимание беше посветено на обезбедување на кохерентност на целите, приоритетите и мерките со начелата и приоритетите на Европски зелен договор и на Зелената агенда на Западен Балкан, чија стратешка цел е да ја направи економијата на ЕУ и на Западен Балкан одржлива преку трансформација на климатски и економски предизвици во можности, и праведна транзиција со вклученост на сите. Ефикасно искористување на ресурсите преку движење кон чиста, циркуларна економија, обновување на биолошка разновидност и намалување на загадувањето на животната средина се специфични цели на Европскиот Зелен Договор и на Зелената агенда за Западен Балкан. Во истата стратегија се дефинирани следниве приоритети на ЕУ: Европа подготвена за дигиталната ера и Економија која функционира за сите луѓе.[1]

Стратешки цели утврдени со **Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031**:

1. Спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање и привлекување на приватни инвестиции во синергија со јавни инвестиции.

[1]Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031

2. Напредни услуги од општините, подобрена транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура, ефективен пристап до пазар на трудот, родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи на населението.
3. Зајакната политика на регионален развој, подобрени финансиски и административни капацитети на регионално и локално ниво, подобрување на просторно планирање и урбанизација, подобрување на структурата на работната сила, преку обуки, доквалификации, оптимализација и унапредување на дуален систем на средно образование.
4. Зајакнување на земјоделието преку окрупнување на земјоделски површини, создавање предуслови за формирање на земјоделски задруги, зголемени инвестиции во системи за наводнување, зголемено искористување на ИПАРД програми, формирање на агро-индустриски зони.

Стратешки цели утврдени со **Програмата за развој на Скопски плански регион 2021-2026**:

Среднорочна цел 1. Подобрена атрактивност и конкурентност на регионот преку поттикнување и развој на МСП, носечките индустрии и развој на модерна инфраструктура.

За остварување на среднорочна цел 1, се дефинирани следните приоритети:

1. Зголемување на соработката помеѓу домашни и странски фирми
2. Усогласување на понудата и побарувачката на труд
3. Развој на МСП
4. Подобрување на транспортот и развој на транспортната и комуникациската инфраструктура
5. Рурален и земјоделски развој
6. Подрачја со специфични развојни потреби
7. Регионална компонента за просторно планирање

Среднорочна цел 2. Развиен човечки капитал кој одговара на потребите на пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и подобрена здравствена и социјална заштита.

За остварување на среднорочна цел 2, се дефинирани следните приоритети:

1. Зголемување и подобрување на училишната инфраструктура
2. Зголемување на капацитетите во образовниот сектор
3. Зголемување и подобрување на здравствената и социјалната заштита
4. Обезбедување повисок степен на родова еднаквост во Скопски плански регион

Среднорочна цел 3. Подобрен квалитет на животната средина во Скопскиот регион

За остварување на среднорочна цел 3, се дефинирани следните приоритети:

1. Комунална инфраструктура

2. Климатски промени и заштита на воздухот
3. Заштита на природата и биодиверзитет
4. Спроведување на мерките за ублажување и адаптација кон климатските промени дефинирани во усвоени стратешки документи за клима
5. Санирање на трите идентификувани жешки точки и последиците од индустриско загадување во СПР

Среднорочна цел 4. Одржливо користење на природното и културното наследство, во функција на туризмот

За остварување на среднорочна цел 4, се дефинирани следните приоритети:

1. Зајакнување на капацитетите и партнерствата во функција на искористување на природното и културното наследство со цел развој на туризмот
2. Подобрување на туристичката инфраструктура
3. Дизајнирање на препознатлива регионална туристичка понуда

Низ самиот процес на изработката на Стратегијата, преку инклузивен и партиципативен метод на одржување средби со релевантни чинители во општината Шуто Оризари, дојдено е до слични приоритети како оние дефинирани на централно и регионално ниво.

**Визија**

Општина Шуто Оризари е уредена, хармонична урбана средина, со висок степен на развој на економијата и висок квалитет на животот на жителите во здрава животна средина.

**Мисија**

Мисија на Општина Шуто Оризари е да допринесе за остварувањето на визијата, преку организација на работењето на општинската администрација и остварување на поставените цели и приоритети. Целите ќе ги оствари со обезбедување квалитетни услуги на бизнис секторот и граѓаните во општината, а преку постојано унапредување на капацитетите на вработените, спроведена целосна дигитализација и искористување на можностите на располагање.

**Стратешки цели**

Како стратешки цели на општина Шуто Оризари, за наредниот период се дефинирани следните:

| | |
|---|---|
| Стратешка цел 1 | Поттикнување на развој на бизнис секторот, креирање на конкурентна економија и креирање на нови работни места |
| Стратешка цел 2 | Шуто Оризари – уникатна туристичка дестинација |
| Стратешка цел 3 | Одржливо управување со животната средина |
| Стратешка цел 4 | Подобрување на постоечката и развој на нова инфраструктура во Општина Шуто Оризари |

| | |
|---|---|
| Стратешка цел 5 | Подобрување на квалитетот на образованието и усогласување со потребите на пазарот на труд на Општина Шуто Оризари |

| **Стратешка цел 1. Поттикнување на развој на бизнис секторот, креирање на конкурентна економија и креирање на нови работни места** | | |
|---|---|---|
| **Р.Б.** | **Активност** | **Резултат** |
| ***Специфична цел: 1.1 Создавање на поволни услови за развој на бизнис секторот*** | | |
| | Креирање на ефикасна општинска административна инфраструктура за поддршка на бизнис секторот.<br>Основање на општински Бизнис центар кој ќе обезбедува услуги за обука, совети за започнување на бизнис, правни бизнис совети, менаџерски совети за постојни претпријатија, обука за изучување на занаети и професионална обука, организација на бизнис настани, саеми, посредување помеѓу бизнисите, помош при изработка на бизнис планови и проекти, поддршка и совети за воведување на ИСО стандарди, пристап и информации за извори на финансирање како домашни така и меѓународни (ИПАРД) | Креиран и активен Бизнис центар со јасно разработен план и програм за работа |
| | Организирање на 2 бизнис форуми годишно | Стратешко партнерство помеѓу општината, бизнис секторот, академијата и невладиниот сектор |
| | Креирање на база на податоци за бизнисите во ОП, со детални информации за бројот на фирми по сектори, број на вработени, | Општинска база на податоци за бизнисите креирана и редовно ажурирана |
| | Зајакната соработката на општинската администрација со јавните органи – Центар за вработување, Центар за поддршка на МСП, комори и други организации за поддршка на бизнисите. | Зајакнат и функционален Економско-Социјален Совет, одржува редовни средби со бизнис секторот и другите засегнати страни |
| | Обезбедување на услови за градба на бизнис објекти и водење на бизниси во рамки на индустриска зона за не-загадувачки дејности и креирање на општински инкубатор за поддршка на малите бизниси | Проект за изградба на индустриска зона завршен Креиран и активен општински Инкубатор |

| | | |
|---|---|---|
| | Изработка на детален проект за изградба на занаетчиски центар, каде ќе бидат сместени разни традиционални занаети | Проект за изградба на занаетчиски центар изработен |
| | Изработка на online мапа за инфраструктурарелевантна за бизнис секторот, која ќе вклучува:<br>1. Патна и сообраќајна инфраструктура,<br>2. Енергетска инфраструктура, гас, струја<br>3. ИКТ инфраструктура<br>4. Техничка вода, одвод на вода, пречистителни станици, депонии,<br>5. Листа и мапа на општински и државни поседи кои би можеле да бидат ставени во функција на бизнисот, каталог на недвижен имот на општината и државата<br>6. Покриеност со ДУП-ови – можности за градба, услови, градежни зони, можности за градба на станови и комерцијални објекти | Online мапа за инфраструктура - креирана, активна, редовно ажурирана на интернет страната на ОП |
| | Формирање на општински фонд за поддршка на бизнис иновации и почетни бизниси на млади претприемачи | Основан и активен општински Фонд за иновации |
| ***Специфична цел: 1.2 Зголемување на можностите за вработување и самовработување*** | | |
| | Изработка на програма и финансирање на обука за вработување, за преквалификација и доквалификација за потребите на бизнис секторот | Изработена Програма за обука, преквалификација, доквалификација со пресметка на потребен буџет |
| | Промоција на мерките за вработување и самовработување на невработените во општината и нивна поддршка при процесот на аплицирање | Зголемена искористеност на мерките и остварени вработувања преку мерките |
| | Намалување на неформалната економија и формализација на сивите бизниси | |
| ***Специфична цел 1.3 Привлекување на нови инвестиции*** | | |
| | Изработка на Програма за привлекување на нови инвестиции, со која ќе се дефинираат:<br>1. мерки за подобрување на процесите и процедурите за почнување на бизнис во надлежност на општината<br>2. политика за оданочување во надлежност на општината<br>3. мерки за промоција на општината како место за инвестирање на домашни и странски инвеститори (комуникациски план), посебно за дијаспората и можните инвеститори од странство | Изработена Програма за привлекување на нови инвестиции во ОП |

| **Стратешка цел 2. Шуто Оризари – уникатна туристичка дестинација** | | |
|---|---|---|
| **Р.Б.** | **Активност** | **Резултат** |
| ***Специфична цел: 2.1 Изградба на Музеј и етно-хотел на територијата на општина Шуто Оризари*** | | |
| | • Обезбедување на локација за изградба на етно хотел | Обезбедена соодветна локација за хотелот |
| | • Објава на покана за инвеститори да аплицираат за изградба на етно хотел | Дефинирани услови за повикот на инвеститори и објавен повик до инвеститорите |
| | • Изработка на Проект за изградба на Музеј на ромска култура за промоција на ромските обележја, историја, уметност, литература | Проект за изградба и функционирање на Музејот на ромска култура изработен и усвоен од Советот на општината |
| ***Специфична цел 2.2 Подобрен квалитет на туристичката понуда во Општина Шуто Оризари*** | | |
| | Промоција на туристичката понуда на ОШО преку:<br>• креирање на интернет страна за туризмот во ОШО<br>• креирање на Програма за културни и туристички настани во ОШО во која ќе се дефинираат сите локални, национални и меѓународни настани во текот на годината а со кои ќе се промовираат културните и традиционалните вредности на Ромското население (фестивали, фолклор, изложби, занаети, ромска кујна, народни носии, архитектура, поезија и други)<br>• Редовно објавување на постови со промотивни содржини на социјалните мрежи на општината | Изработена нова веб страна за промоција на културата и традицијата на ромската популација<br>Отворени сметки на општината на социјалните мрежи |
| | Учество на саеми со Агенција за промоција на туризмот | Учество на 1 меѓународен саем на годишно ниво |
| | Јакнење на капацитетите на засегнатите страни за обезбедување на квалитетна туристичка понуда. Изработка на анализа за потреби од обука, изработка Програма за обука и изведување на обуката. | Извршена обука и зајакнати туристички капацитети кај засегнатите страни |
| | | |
| **Стратешка цел 3. Одржливо управување со животната средина** | | |

| ***Специфична цел 3.1 намалување на загадувањето во општината*** | | |
|---|---|---|
| | Зајакната контрола на загадувањето на животната средина и екипирање на инспекциска служба за животна средина | Инспекциска служба е соодветна екипирана според потребите на општината |
| | Изградба на пречистителна станица за Шуто Оризари | Изградена и функционална пречистителна станица |
| | Подигање на нови зелени површини во населените места | Зголемени површини под зеленило и паркови |
| | Изработка на ЛЕАП | ЛЕАП изработен |
| | Зголемен број на дрвја и садници | Подобрена животна средина<br>Поубава општина и<br>повеќе посетители |
| | Субвенционирање на фирмите и граѓаните за користење на обновливи извори на енергија | Субвенционирани граѓани и фирми<br>Намалено користење на фосилни извори на енергија |
| | Одржување на обуки за фирми и граѓани за ефектите (економски и користи за здрава животна средина) од користење на обновливи извори на енергија | Одржани обуки<br>Намалено користење на фосилни извори на енергија |
| | Дезинфекција, дератизација и дезинсекција се врши секоја година и обезбедува намалени ризици за луѓето и опкружувањето | Секоја година извршена дезинфекција, дератизација и дезинсекција |
| | Ангажирање на примателите на социјална помош за чистење на општината | Примателите на социјална помош се ангажирани<br>Чистотата и уреденоста на општината е подобрена |
| | Поставување на посебни контејнери за различен вид на отпад и селекција на отпад | Подобрена искористеност на отпадот |
| | Замена на улично осветлување со лед технологија и воведување на интегрирано смарт управување, заради поголема енергетска ефикасност | Зголемена енергетска ефикасност и намалени трошоци за осветлување |
| | Опремување на училиштата и градинката со фотоволтаици и инсталирање на заштитна топлинска фасада. | Зголемена енергетска ефикасност и намалени трошоци за струја |

| | | |
|---|---|---|
| | Поставување на термичка изолација во училиштата, заради заштеда на струја | Зголемена енергетска ефикасност и намалени трошоци за струја |
| | | |
| **Стратешка цел 4. Подобрување на постојната и развој на нова инфраструктура во Општина Шуто Оризари** | | |
| **Р.Б.** | **Активност** | **Резултат** |
| ***Специфична цел 4.1 Подобрување на уличната инфраструктура*** | | |
| | Изработка на детален План за:<br>• Изградба на улици и унапредување на постојната улична мрежа Изградба на паркинзи,<br>• Изградба на пешачки патеки | Изработен Среднорочен план за изградба на приоритетни улици, реновирање и модернизација на улиците и пешачките патеки, обезбедување на соодветни паркинг простори |
| ***Специфична цел 4.2 Подобрување на комуналната инфраструктура*** | | |
| | Опремување на индустриската зона(ИЗ) со целосна инфраструктура (водовод, канализација, електрична енергија, гас, телекомуникации и интернет) | Целосно функционална и опремена ИЗ со сите потребни инфраструктурни потреби |
| | Комплетирање на канализациона мрежа во урбаниот дел и градење на канализациона мрежа во Горно Оризари | Комплетирана канализациона мрежа во сите населби во општината |
| | Обезбедување на целосна покриеност на општината со чиста вода за пиење. | Поставена и функционална водоводна мрежа во сите населени места |
| ***Специфична цел 4.3 Зајакнување на институционалните капацитети на општината Шуто Оризари*** | | |
| | Зајакнување на информатичките одделенија во сите институции во ОП, преку набавка на соодветна опрема и обука на персоналот. Изработка на програма за зајакнување на информатичките одделенија во која се идентификувани слабостите во одделенијата во делот на потребна опрема, потребни програми и софтвери, како и потреби од обука на персоналот. | Изработена Програма за зајакнување на информатичките одделенија и соодветно извршена набавка на опрема и обука на персоналот.<br>Одделенијата се соодветно |

| | | |
|---|---|---|
| | | опремени и персоналот соодветно обучен. |
| | Зајакнување на капацитетите на општинските и други органи во рамки на општина Шуто Оризари за водење на проекти. | Капацитетите на органите за идентификација, конкурирање, пишување проекти, имплементација на проекти се зајакнати до соодветно ниво. Искористеноста на фондовите е зголемена. |
| | Зајакнување на капацитетите на персоналот задолжен за јавни набавки. Изработка на програма за континуирана обука на персоналот кој е задолжен за спроведување на процедурите согласно Законот за јавни набавки. | Персоналот за јавни набавки е соодветно обучен Јавните набавки се навремени и соодветно спроведени |
| | Стручна обука за вработените во Сектор за урбанизам | Зголемен број и брзината на издавањето на документи и дозволи во нивна надлежност |
| | Обуки за ЈПП | Организирани обуки за ЈПП |
| | Анализа и Ревизија на ГУП | Ревидиран и усвоен ГУП |
| | Изработка и ревизија на ДУП-ови | Ревидирани постоечките и изработени нови ДУП-ови |
| | Изработка на урбанистички плански документации вон населени места | Изработени урбанистички плански документации вон населени места |
| | Изработка на урбанистичко техничка документација | Изработена урбанистичко техничка документација за зафати под Стратешка цел 4.1 |
| | Подобрување на енергетската ефикасност на јавното осветлување | Воспоставен систем за енергетска ефикасност на јавното осветлување |
| | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти во надлежност на Општина Шуто Оризари и искористување на ОИЕ | Подобрена ЕЕ на јавните објекти и заштеда на енергија |

| | | |
|---|---|---|
| | (обновливи извори на енергија) | |
| | | |
| | | |
| **Стратешка цел 5. Подобрување на квалитетот на образованието и усогласување со потребите на пазарот на труд на Општина Шуто Оризари** | | |
| **Р.Б.** | **Активност** | **Резултат** |
| ***Специфична цел: 5.1 Подобрување на квалитетот на образованието*** | | |
| | Подготовка на Анализа на потребите на пазарот на трудот и врз основа на тоа Локален акционен план за вработувања (ЛАПВ). Утврдување на релевантни потреби на пазарот на труд наспроти моменталните образовни потреби на локално ниво | Анализата изработена и јавно промовирана<br>Ефективноста на бизнис сектор подобрена |
| | Анализа на соодветноста на програмите на средното училиште и зајакнување на дуалното образование | Извршена анализа на соодветноста на програмите,<br>Изготвен предлог за измена на програмите<br>Изготвено и доставено барање до МОН за измена |
| | Обезбедување услови за подобрување на практичните знаења и вештини на учениците. Набавка на соодветна опрема за основните и средното училиште. | Добро опремени кабинети за практична настава |
| | Обука на наставниците за користење на опремата и примена на нови методологии за пренесување на знаење и вештини до учениците и следење на примената на методологиите | Обучени наставници за спроведување на квалитетна настава<br>Континуирано следење на примената на методологиите |
| ***Специфична цел: 5.2 Зголемена вработливост и конкурентност на работната сила*** | | |
| | Воспоставена соработка помеѓу средното училиште и релевантните фирми | Општината посредува во комуникација помеѓу фирмите и училиштето |
| | Промоција на практикантството и посредување на општината помеѓу потенцијални практиканти и фирмите во општината | Секоја година општината организира 10 практикантски пракси во фирмите |
| | Анализа на потреби од обуки на фирмите во рамки на општината<br>Организирање обуки на вработените во фирмите | Извршени обуки на вработените согласно |

| | | |
|---|---|---|
| | | наодите од Анализата |
| | Организирање на обуки за зголемена вработливост на невработените во општината | Одржана обука<br>Намален број на невработени |
| | Информирање на заинтересираните за сите мерки за вработување, обука, доквалификација, самовработување на домашни институции и проекти кои се спроведуваат во државава, преку редовно ажурирана општинската веб страна и социјалните мрежи на општината | Сите заинтересирани за вработување, обука, доквалификација се редовно информирани за можностите. |

АКЦИСКИ ПЛАН

| **Стратешка цел 1. Поттикнување на развој на бизнис секторот, креирање на конкурентна економија и креирање на нови работни места** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел: 1.1 Создавање на поволни услови за развој на бизнис секторот** | | | | | |
| **Активности** | **Одговорни** | **Временска рамка** | **Финансиски средства** | | **Индикатор** |
| | | | **Износ** | **Извор** | |
| Креирање на ефикасна општинска административна инфраструктура за поддршка на бизнис секторот преку обука<br>- Организирање на обуки за вработените вклучени во ЛЕР и сите други оддели кои се поврзани со бизнис секторот<br>- Креирани процедури и правила за работа со бизнис секторот | Одделение за ЛЕР | Почеток: Февруари 2023<br>Крај: Јуни 2023 | 100.000 МКД | Буџет на општината | Одржани обуки<br>Подготвени правилници и процедури |
| Основање на општински Бизнис центар<br>- Донесување на одлука за формирање на бизнис центар<br>- Определување на простор во рамки на општината<br>- Развивање на бизнис план, стратегиски и акциски план<br>- Определување на број на вработени и нивно вработување или трансфер од друг сектор<br>- Обука на вработените<br>- Набавка на потребна опрема за работа | Одделение за ЛЕР | До крај на 2024 | 250.000 МКД | Донаторски средтсва | Отворен и функционален бизнис центар |
| Организирање на 2 бизнис форуми годишно во просториите на општината | Одделение за ЛЕР | 2 пати годишно | 40.000 МКД | Буџет на општината | Реализирани форуми, утврдени потреби на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | бизнис заедницата |
| Креирање на база на податоци за бизнисите во општината, со детални информации за бројот на фирми по сектори, број на вработени | Одделение за ЛЕР и одговорните за ИТ поддршка | Декември 2022 | 20.000 МКД | Буџет на општината | Готова и функционална база на податоци |
| Усвојување на Урабнистички план во населено место и обезбедување на услови за градба на бизнис објекти и водење на бизниси во рамки на индустриска зона за не-загадувачки дејности | Одделение за урбанизам | | | | |
| Изработка на основен проект за изградба на занаетчиски центар, каде ќе бидат сместени разни традиционални занаети | Одделение за урбанизам | Јуни 2023 | | | |
| Изработка на online мапа за инфраструктурарелевантна за бизнис секторот, која ќе вклучува: | Одделенија за: ЛЕР, за урбанизам и комунални дејности | Декември 2023 | 20000 МКД | Буџет на општина Донаторски средства | |
| Креирање на општински инкубатор за поддршка на малите бизниси<br>- Подготовка на бизнис план<br>- Обезбедување на стручен кадар за фондот<br>- Обезбедување на простор во рамки на индустриската зона<br>- Склучување на договори со почетни и мали бизниси за користење на услугите на инкубаторот | Одделение за ЛЕР | Декември 2025 | 100.000 Евра | Донаторски средства | Изграден инкубатор, Функционален, Склучени договори со минимум 5 мали бизниси |
| Формирање на општински фонд за поддршка на бизнис иновации и почетни бизниси на млади претприемачи<br>- Подготовка на бизнис план<br>- Обезбедување на стручен кадар за фондот за управување од фондот<br>- | Одделение за ЛЕР | Декември 2025 | 100.000 Евра | Донаторски средства | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на 3 бизнис ....УНДП | | | 60.000 Евра | | |
| **Специфична цел: 1.2 Зголемување на можностите за вработување и самовработување** | | | | | |
| Изработка на програма и финансирање на обука за вработување, за преквалификација и доквалификација за потребите на бизнис секторот | Одделение за ЛЕР во соработка со работнички универзитети | | 30,000 евра | Донаторски средства | |
| Промоција на мерките за вработување и самовработување на невработените во општината и нивна поддршка при процесот на аплицирање | Одделение за ЛЕР | | | Буџет на општината | |
| | | | | | |
| **Специфична цел 1.3 Привлекување на нови инвестиции** | | | | | |
| Изработка на Програма за привлекување на нови инвестиции, со<br>- Утврдување на мерки за подобрување на процесите и процедурите за почнување на бизнис во надлежност на општината<br>- Утврдување на политика за оданочување во надлежност на општината<br>- Утврдување на мерки за промоција на општината како место за инвестирање | Одделение за ЛЕР | | 5,000 евра | Донаторски средства | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 2. Шуто Оризари – уникатна туристичка дестинација** | | | | | |
| **Специфична цел: 2.1 Изградба на Музеј и етно-хотел на територијата на општина Шуто Оризари** | | | | | |
| Обезбедување на локација за изградба на етно хотел | Одделение за урбанизам | Декември 2023 | | | Обезбедена локација |
| Објава на покана за инвеститори да аплицираат за изградба на етно хотел | Одделение за ЛЕР | Јуни 2024 | | Донаторски средства | Распашување тендерска постапка/ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ЈПП |
| Изработка на Проект за изградба на Музеј на ромска култура за промоција на ромските обележја, историја, уметност, литература | Одделение за ЛЕР | Декември 2024 | | Донаторски средства | |
| **Специфична цел 2.2 Подобрен квалитет на туристичката понуда во Општина Шуто Оризари** | | | | | |
| Креирање на интернет страна и профили на социјалните мрежи (ФБ) за промоција на туризмот во ОШО | Одделение за ЛЕР, одговорни за ИТ и туризам | | 1000 евра | Донаторски средства | Изработена нова веб страна и отворени сметки на општината на социјалните мрежи |
| Подготовка на програма за културни и туристички настани во ОШО | Одделение за ЛЕР | | | Донаторски средства | Подготвена програма |
| Учество на саеми со Агенција за промоција на туризмот | Одделение за ЛЕР | 1 годишно | | Донаторски средства | Учество на 1 меѓународен саем |
| Јакнење на капацитетите на засегнатите страни за обезбедување на квалитетна туристичка понуда.<br>- Изработка на анализа за потреби од обука,<br>- Изработка програма за обука и изведување на обуката. | Одделение за ЛЕР, граѓански организации, Агенција за развој на туризмот, други релевантни институции, | | | Донаторски средства | Извршена обука и зајакнати туристички капацитети кај засегнатите страни |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 3. Одржливо управување со животната средина** | | | | | |
| **Специфична цел 3.1 намалување на загадувањето во општината** | | | | | |
| Зајакната контрола на загадувањето на | Одделение за | | | Буџет на | Соодветно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| животната средина и екипирање на инспекциска служба за животна средина | инспекција | | | општината | екипирана инспекциска служба |
| Изградба на пречистителна станица за Шуто Оризари<br>И мерач за мерење на чистота на амбуенталниот воздух | Одделение за заштита на животна средина | До крајот на 2027 | | Буџет на општината | Изградена и функционал на пречистител на станица |
| Подигање на нови зелени површини во населените места | Одделение за урбанизам | | | Буџет на општината | Зголемени површини под зеленило и паркови |
| Изработка на ЛЕАП | | | | Буџет на општината | ЛЕАП изработен |
| Зголемен број на дрвја и садници | | | | Буџет на општината | Засадени нови дрва |
| Субвенционирање на фирмите и граѓаните за користење на обновливи извори на енергија | | | | Буџет на општината | Субвенционирани граѓани и фирми |
| Одржување на обуки за фирми и граѓани за ефектите од користење на обновливи извори на енергија | | | | Донаторски средства | Одржани обуки |
| Дезинфекција, дератизација и дезинсекција | | Еднаш годишно | | Донаторски средства | Извршени работи |
| Поставување на посебни контејнери за различен вид на комунален  и интегриран отпад и селекција на отпад и компостирање на отпадот<br>Депонија со потребна механизација и инфраструктура за складирање и преработка на отпад | | | | Донаторски средства | Поставени контејнери |
| Замена на улично осветлување со лед | | | | Донаторски | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| технологија и воведување на интегрирано смарт управување | | | | средства | |
| Опремување на училиштата, админстративната општинакса зграда и градинката со фотоволтаици и инсталирање на заштитна топлинска фасада. | | | | Донаторски средства | Поставена изолација и фотоволтаици во сите училишта |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 4. Подобрување на постојната и развој на нова инфраструктура во Општина Шуто Оризари** | | | | | |
| **Специфична цел 4.1 Подобрување на уличната инфраструктура** | | | | | |
| Изработка на детален План за подобрување, градење и реконструкција на улична и сообраќајна инфраструктура | Одделение за урбанизам | | | Буџет на општината | Подготвен план |
| Спроведување на планот<br>- Изградба на нови улици<br>- Асфалтирање на постојни улици<br>- Одржување и реконструкција на улиците<br>- Изградба на паркинзи<br>- Изградба на пешачки патеки | Одделение за урбанизам | | | Буџет на општината | |
| **Специфична цел 4.2 Подобрување на комуналната инфраструктура** | | | | | |
| Опремување на индустриската зонасо целосна инфраструктура | | | | Буџет на општината | |
| Комплетирање на канализациската мрежа во урбаниот дел и градење на канализациона мрежа во Горно Оризари | | | | Буџет на општината | |
| Изградба на водоводна инсталација и обновување на постојната водоводна мрежа | | | | Буџет на општината | |
| Изготвување на урбанистички планови во руралните делови на Општината со потребната инфраструктура во село Горно Оризари | Одделение за урбанизам | | | | |
| **Специфична цел 4.3 Зајакнување на институционалните капацитети на општината Шуто Оризари** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготовка на програма за зајакнување на информатичкото одделение | | | | Донаторски средства | Изработена Програма |
| Екипирање на ИТ одделение, набавка на соодветна опрема, обука на кадарот | | | | Донаторски средства | Вработени нови лица, набавена опрема, обучен кадар |
| Зајакнување на капацитетите на општинските и други органи во рамки на општина Шуто Оризари за водење на проекти | | | | Донаторски средства | Обучени кадри |
| Обука на персоналот задолжен за јавни набавки. | | | | Донаторски средства | Обучен кадар |
| Стручна обука за вработените во  Сектор за урбанизам | | | | Донаторски средства | Обучен кадар |
| Обуки за ЈПП | | | | Донаторски средства | Организирани обуки за ЈПП |
| Донесување на урабнистички план за изградба на нови индивидулани станбени објекти за социјално ранливи категории и лица со посебни потреби | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 5.  Подобрување на квалитетот на образованието и усогласување со потребите на пазарот на труд на Општина Шуто Оризари** | | | | | |
| **Специфична цел: 5.1  Подобрување на квалитетот на образованието** | | | | | |
| Анализа на соодветноста на програмите на средното училиште и зајакнување на дуалното образование | Одговорни за образование во соработка со МОН и БРО | | | | Подготвена анализа |
| Набавка на соодветна опрема за основните и средното училиште. | Одговорни за образование во соработка со МОН и БРО | | | Донаторски средства | Набавена опрема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обука на наставниците за користење на опремата и примена на нови методологии за пренесување на знаење и вештини до учениците и следење на примената на методологиите | Одговорни за образование во соработка со МОН и БРО | | | Донаторски средства | Обучени наставници |
| **Специфична цел: 5.2 Зголемена вработливост и конкурентност на работната сила** | | | | | |
| Воспоставена соработка помеѓу средното училиште и релевантни фирми за обавување на практична настава | Одговорни за образование во соработка со училиштата и бизнис секторот | | | Буџет на општината | Склучени договори за практична настава |
| Организирање на обуки за зголемена вработливост на невработените во општината | Одговорни за образование | | | Донаторски средства | |
| Објавување на информацииза сите мерки за вработување, обука, доквалификација, самовработување на општинската веб страна и социјалните медиуми | Одговорни за образование | | | Буџет на општината | Ажурирана веб страна |